**вести-информации**

*Ристо ПЕТРОВ*

## ОДРЖАН ПРВИОТ НАУЧНО-СТРУЧЕН КОНГРЕС НА ДЕФЕКТОЛОЗИТЕ НА СР ЈУГОСЛАВИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

На 10 и 11 ноември 1998 година, во организација на Дефектолошкиот факултет во Белград се одржа I Научно-стручен Конгрес на дефектолози на СР Југославија, со меѓународно учество.

На овој конгрес, на кој работата се одвиваше по секции, беа презентирани околу 160 трудови. На истиот учествуваа наставници и асистенти од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Своите стручни излагања ги презентираа во следните секции:

1. Олигофренолошка секција: доц. д-р Ристо Петров "*Современи аспекти на аутизмот*"; доц. д-р Драгослав Копачев и Верица Петрова "*Видео приказ на третман на аутистично дете*", асс. д-р Горан Ајдински "*Сознајниот развој на лицата со ментална ретардација*", "*Процена на сознајните функции кај лесно ментално ретардираните ученици*".
2. Сурдоаудиолошка секција: асс. м-р Зора Јачова: "*Разбирање на прочитаниот текст наглас и во себе и негово вербално интерпретирање од страна на глувите ученици*".
3. Тифлолошката секција: помл. асс. Даниела Димитрова-Радојчиќ и Елизабет Солтирова стручен соработник, ја презентираа темата: "*Можностите за тифолошки третман на децата од предучилишна возраст во Република Македонија*".
4. Соматопедска секција: помл. асс. Наташа Чичевска-Јованова: "*Приказ на тројца ученици*" од проектот на магистерската теза "*Влијанието на соматопедскиот третман врз моторните способности на лесно ментално ретардираните ученици*".

На овој научно-стручен конгрес, од Република Македонија присуствуваа продеканот на Филозофскиот факултет доц. д-р Радко Начевски и раководителот на Институтот за дефектологија проф. д-р Љупчо Ајдински. Исто така учествуваа претставници од посебните основни училишта како и заводи и институти кои ја третираат проблематиката на лицата кои имаат специфични потреби.